ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Датум: 22-08-2014

# СООПШТЕНИЕ

## Проширување на лепезата на лекови на рецепт на товар на ФЗОМ за дежурни служби

**Фондот за здравствено осигурување сака да информира за три новини од обласста на лековите на рецепт.**

**<u>Првата новина се однесува на лекови на рецепт пропишани од дежурен лекар</u>**

Од 1-ви септември 2014 година лекарите во дежурните лекарски служби во здравствените домови ќе можат да пропишуваат на рецепт на товар на ФЗОМ уште четири лекови по генерика.

Новите лекови кои ќе може да ги пропишуваат дежурни лекари се антивиротици и антибиотици следните:

1. Aciclovir, таблети;
2. Aciclovir, крем;
3. Dexamethasone+Chloramphenicol, капки за очи;
4. Ciprofloxacin, капки за око и уво.

Сега 50 генерики со различна форма, односно, 142 лекови по заштитено име, од кои 15 се нови дополнети лекови по заштитено име кои дежурните лекари ќе можат да ги пропишуваат на рецепт на товар на ФЗОМ. Лековите се наменети за терапија за желудник, стомачни тегоби, срцеви заболувања, антивирусна терапија, антибиотици, антиревматици, лекови против болка и покачена телесна температура, седативи, лекови за респираторни заболувања и лекови за алергија.




**<u>Втората новина се однесува на организирањето на дежурни аптеки по градовите</u>**

За обезбедување на **континуирана здравствена заштита за осигурените лица** ноќе, сабота, недела и државни празници, приватните здравствени установи - аптеки кои имаат склучен договор со ФЗОМ договорено е да организираат дежурства.

Со **новата одлука за организирањето на дежурства во аптеките од 1-ви септември 2014 година** дежурствата ќе се спроведуваат на следниот начин:

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 66, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk




1. Континуирани дежурства - Скопје, Битола, Куманово, Прилеп, Тетово, Охрид, Струмица, Велес, Штип и Гостивар.
2. Комбинирани дежурства – Струга. Континуираните дежурства во аптеките се спроведуваат во периодот од месец јуни до месец август во годината, а останатиот период од годината дежурствата се спроведуваат во аптека по телефонски повик.
3. Во останатите градови/населени места во државата, дежурствата се спроведуваат по телефонски повик, односно лицето определено за дежурство во аптеката по телефонски повик издава лекови на осигурено лице во просториите на аптеката.

За организираните месечни дежурства, аптеките доставуваат распоред до дежурната лекарска служба. Распоредот на держурства за тековниот месец на аптеките, се објавува на веб страницата на ФЗОМ (www.fzo.org.mk).




**Третата новина е олеснување за рефундациите за лекови од Позитивната листа**

За **олеснување на надоместокот на средства (рефундации) за лекови од Позитивната листа купени од странство**, Управниот одбор на ФЗОМ донесе и одлука за измени во Позитивната листа од формално-правен карактер со кои се обезбедува еднаков третман на осигурениците за остварување на правото на надомест на средства за купени лекови во РМ или странство. На осигурениците ќе им се надоместуваат средства за лек од Позитивната листа кој бил купен во странство, без разлика дали лекот е во промет во РМ или не. Одлуката на Управниот одбор на ФЗОМ е во постапка на добивање согласност од министерот за здравство, и ќе стапи во сила и ќе се применува по објавување во Службениот весник на РМ.

Во пракса ова ќе значи дека дококу осигуреникот купил лек кој не е регистриран во државата, а се наоѓа на позитивната листа, Фондот ќе може да му надомести средства за тој лек. Со оваа потешкотија осигурениците се соочија откога Фондот дозволи на позитивната листа да бидат сите јачини за одреден лек, а истиот лек не бил регистриран во Македонија а го имало во околните држави.




Прилог 1: Преглед на лекови кои може на рецептен образец за лек на товар на ФЗОМ да ги прошише дежурен лекар во дежурна служба на здравствен дом

| Генеричко име на лек - INN | Фармацевтска дозажна форма на лекот | Јачина | Намена на лекот |
|---|---|---|---|
| **Aciclovir** | крем | СРЈ | За лекување на кожни вирусни инфекции |
| **Aciclovir** | таблети | СРЈ | Антивирусен лек |
| **Amoxicillin** | суспензија | СРЈ | антибиотик |
| **Amoxicillin** | капсули/ таблети | СРЈ | антибиотик |
| **Carbo medicinalis** | Таблети/гранули | СРЈ | за тегоби во дигестивен тракт - при труења |
| **Cefalexin** | суспензија | СРЈ | антибиотик |
| **Cefalexin** | капсули | СРЈ | антибиотик |
| **Cetirizine** | раствор за орална употреба | СРЈ | Лек за алергии |
| **Cetirizine** | таблети | СРЈ | Лек за алергии |
| **Ciprofloxacin** | таблети | СРЈ | антибиотик |
| **Ciprofloxacin** | капки за око и уво | СРЈ | антибиотик |
| **Dexamethasone + Chloramphenicol** | капки за очи | СРЈ | антибиотик со кортикостероид - противвоспалителен лек |
| **Diazepam** | таблети | СРЈ | анксиолитик - лек за смирување |

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 66, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Diclofenac** | капсули/ таблети/таблети со продолжено ослободување/ капсули со продолжено ослободување/ таблети со модифицирано ослободување | СРЈ | антиревматик - лек против болки и воспаленија |
| **Furosemide** | таблети | СРЈ | диуретик |
| **Glyceryl trinitrate** | сублингвален спреј | СРЈ | За срце - за спречување напад на градна болка (ангина пекторис) |
| **Glyceryl trinitrate** | лингвалети | СРЈ | За срце - за спречување напад на градна болка (ангина пекторис) |
| **Glyceryl trinitrate** | капсули/капсули со продолжено ослободување | СРЈ | За срце - за спречување напад на градна болка (ангина пекторис) |
| **Ketoprofen** | таблети/ капсули/таблети со продолжено ослободување | СРЈ | антиревматик |
| **Metoclopramide** | раствор за орална употреба | СРЈ | За намалување на мачнина и нагон за повраќање |
| **Metoclopramide** | таблети | СРЈ | За намалување на мачнина и нагон за повраќање |
| **Nifedipine** | таблети/ капсули/ таблети со продолжено ослободување/таблети со модифицирано ослободување | СРЈ | За висок крвен притисок и спречување и лекување на градна болка |
| **Nifuroxazide** | суспензија | СРЈ | за дигестивен тракт - при дијареа предизвикани од бактериски инфекции |
| **Nifuroxazide** | капсули | СРЈ | за дигестивен тракт - при дијареа предизвикани од бактериски инфекции |
| **Paracetamol** | сируп | СРЈ | Лек за покачена телесна температура и болки |
| **Paracetamol** | таблети | СРЈ | Лек за покачена телесна температура и болки |
| **Ranitidine** | таблети | СРЈ | против киселини и болки во желудник |
| **Salbutamol** | аеросол | СРЈ | Лек за дишни патишта |

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Salbutamol** | раствор за инхалирање | СРЈ | Лек за дишни патишта |
| **Salbutamol** | сируп | СРЈ | Лек за дишни патишта |
| **Salbutamol** | таблети | СРЈ | Лек за дишни патишта |
| **Sulfametrole+trimethoprim** | суспензија | СРЈ | антибиотик |
| **Sulfametrole+trimethoprim** | таблети | СРЈ | антибиотик |
| **Trospium** | таблети | СРЈ | спазмолитик - против грчеви на мазната муслулатура |

Напомена: Лековите пропишани на рецепт од лекар во дежурна лекарска служба во здравствен дом, можат да бидат подигнати во аптека која има склучен договор со Фондот **само во денот** кога рецептот е издаден, во дежурна аптека или аптека која редовно работи. Износот за овие реализирани рецепти не се пресметува во определениот месечен износ (квотата) на аптеките.

Прилог 2: Реализацијата на рецепти за лек пропишан од лекар во од дежурна лекарска служба за првата половина од 2014 година

| | **ФЗО Подрачна служба** | **Број на осигуреници** | **Начин на дежурство на аптеките** | **Број на реализирани рецепти од дежурна лекарска служба - Прва половина 2014 година** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | ВЕЛЕС | 55.431 | **Во аптека** | 595 |
| 2 | СКОПЈЕ | 602.556 | **Во аптека** | 568 |
| 3 | ВИНИЦА | 15.505 | По повик | 550 |
| 4 | РАДОВИШ | 26.063 | По повик | 255 |
| 5 | БРОД | 7.523 | По повик | 117 |
| 6 | КРАТОВО | 7.008 | По повик | 90 |
| 7 | ДЕМИР ХИСАР | 7.014 | По повик | 89 |
| 8 | БИТОЛА | 94.072 | **Во аптека** | 26 |
| 9 | ГЕВГЕЛИЈА | 29.675 | По повик | 15 |